Врз основа на член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје или скратено АД МЕПСО Скопје (Сл.весник на РМ бр.52/15) и Одлука УО бр. 02-7455/7-2 од 01.12.2017 година, Управниот Одбор на Друштвото по точка 7 од дневниот ред „Донации", на 8-от состанок, одржан на ден 01.12.2017 година, го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**

**за утврдување на услови, критериуми и постапка за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и постапката по кои Управниот Одбор на Друштвото одлучува за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје.

**Член 2**

(1) Вкупната сума на финансиските средства што ќе се издвојуваат за спроведување на Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје не смее да ја надмине вредноста од 1,5% од остварениот годишен приход од работата на компанијата од претходната година.

Издвоениот износ на средства не мора да биде потрошена во целост, доколку квалитетот и намената на апликациите несоодветствуваат на целите и заложбите дефинирани со Декларацијата.

(2) Средствата ќе се обезбедат во вид на финансиски средства – донации или помош и сл., и во вид на услуги/материјали обезбедени од страна на АД МЕПСО.

**Член 3**

(1) Барателот на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје, преку Архивата на Друштвото, треба да поднесе писмено барање до Управниот Одбор на Друштвото.

(2) Писменото барање од став 1 од овој член треба да содржи:

- податоци за барателот -правно лице
- опис на потребата заради која се поднесува барањето;
- износот кој бара да му биде доделен.

**Член 4**

Со писмено барање, барателот е должен да ја приложи и целокупната расположлива документација која се однесува на севкупните активности за отпочнување и завршување на планираниот проект односно активност.

**Член 5**

(1) Ако барањето не ги содржи податоците од член 2, односно недостига документацијата од член 3 од овој Правилник, од барателот ќе се побара, по писмен пат, да го уреди своето барање во рок од 10 (десет) дена од денот на добивањето на таквото известување.

(2) Ако во рок од став 1 на овој член, барателот не го уреди двоерто барање, ќе се смета дека истиот го повлекол барањето.

**Член 6**

За доставените барања за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје, кои се уредени и комплетни, Управниот Одбор на Друштвото, најдоцна 30 (триесет) дена од денот на доставувањето на барањето, односно од денот на неговото комплетирање, донесува Одлука, со која истиот го прифаќа или одбива.

**Член 7**

При донесувањето на Одлуката, Управниот Одбор е должен да се придржува на општите услови, критериуми за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје, односно да може да прифати барања за доделување на финансиски средства само за следните намени:

1. Развој на демократијата, граѓанско општество и човековите права;
2. Помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби;
3. Заштита на деца и младинци, заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување;
4. Заштита од злоупотреба на дрога, сексуално преносливи болести, малолетничка деликвенција, алкохолизам, проституција и трговија со луѓе;
5. Здравствена заштита на населението и подобрување на услови за живот и обезбедување на здрава животна средина;
6. Подобрување на работната способност и заштита на здравјето и сигурноста на вработените преку создавање на здрава работна средина;
7. Поддршка и помош на уметноста, културата, заштита на културно историските вредности на Република Македонија, уметноста и заштита на културното наследство;
8. Поддршка и помош на спортот и рекреацијата, а во функција на зголемување и промоција на физичката култура на граѓаните;
9. Поддршка на науката, образованието и обуката во образовниот процес;
10. Развој на етиката и моралот;
11. Поддршка и унапредување на добротворството и волонтерството;
12. Поддршка и унапредување на претприемачкиот дух и пазарното општество;
13. Поддршка, унапредување и заштита на правата на потрошувачите;
14. Поддршка и унапредување на локален и инфраструктурен развој;
15. Поддршка, привлекување и насочување на најдобрите студенти во областа на енергетиката, машинството, рударството и градежништвото;
16. Поддршка и привлекување на пронаоѓачи со цел развој и примена на нови технологии, пронајдоци и сл. од областа на енергетиката и заштита на животната средина;
17. Изнаоѓање, развој, унапредување и користење на различни видови извори на енергија особено обновливи извори на енергија;
18. Воспоставување на традиција за доделување на награди за најдобри студенти од факултетите сродни на основната дејност на АД МЕПСО, Скопје, како и нивно евентуално ангажирање во рамките на работните процеси во компанијата;
19. Зачувување и унапредување на природните ресурси околу објектите на АД МЕПСО, Скопје, и заштита на животната средина во целост низ земјава;
20. Помагање на стручни, научни и професионални здруженија и лица од дејностите сврзани со работењето АД МЕПСО, Скопје, во нивната секојдневна работа, а особено во организирање на меѓународни советувања, симпозиуми или друг вид на стручни собири и размена на знаењ;
21. Помагање за развој на инфраструктурата во близината на седиштето и подружниците на АД МЕПСО, Скопје;
22. Социјална заштита;

23. Поддршка на религиозните заедници.

**Член 8**

(1) Како посебен услов, критериум за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје за културни, историски, спортски, хуманитарни исл. Манифестации, се предвидува манифестацијата за која се бараат финансиските средства, а биде од општо државно значење, манифестација или настан поддржан или делумно финансиран од државните органи на Република Македонија, односно со реалиација на таква манифестација да се даде придонес во промоцијата на културните, историските и спортските вредности на земјата.

(2) За пооделните барања, пак кои се однесуваат за помош при лекување во странство или било каква финансиска помош од здравствен или хуманитарен аспект, се предвидува Упавниот Одбор на Друштвото, во рамките на распределениот износ од 8.000.000,00 денари да формира и одвои фонд во висина од 1.500.000,00 денари, со напомена дека за секое од поодделните барања максимален износ кој може да биде доделен на еден барател ќе биде изност од 62.000,00 денари.

**Член 9**

Како посебен услов, критериум за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје, за поддршка на Проекти, научни студии и сл. од областа на заштитата на животната средина, е барателот да достави План или заверен, односно одобрен Проект со дефинирана финансиска вредност за реализација на истиот, од кој ќе можат да се утврдат целта и начинот на кој ќе бидат потрошени средствата, со тоа што особено ќе се цени фактот ако со реализацијата на Проектот се овозможи бенифитот да го ужива пошироката заедница.

**Член 10**

Како посебен услов, критериум за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје за поддршка на проекти, научни студии и сл. од областа на енергетиката, е барањето да однесува на проекти кои се од интерес за вршењето на дејноста согласно лиценците за работа кои ги поседува АД МЕПСО, Скопје, кои проекти, научни студии или сл. не може самостојно да ги изработува АД МЕПСО, туку за истите е потребен интердисциплинарен период и со чија реализација може да се осовремени или унапреди понатамошното работење на Друштвото.

**Член 11**

При прифаќањето на барањата за доделување на средствата во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скоје, Управниот Одбор на Друштвото која подразбира учество, а не ексклузивна поддршка на соодветни настани, манифестации, проекти, студии или сл.

**Член 12**

Барањата кои не се во согласност со критериумите утврдени со член 6, 7, 8, 9 и 10 од овој Правилник, Управниот Одбор на Друштвото ќе ги одбие, за што е должен да го извести барателот.

**Член 13**

За барањата кои се во согласност со општите и посебните услови, критериуми за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО, Скопје, Управниот Одбор на Друштвото ќе донесе одлука за нивно прифаќање, со можност целосно или делумно да ја усвои висината на соодветното парично барање.

**Член 14**

При одлучувањето за висината на одобрените доделувања на средства во врска со Декларацијата за општественаљ одговорност на АД МЕПСО, Скопје, Управниот Одбор на Друштвото мора да внимава одобрениот износ да се вклопува и да не го исцрпува износот предвиден во член 2 од овој Правилник.

**Член 15**

(1) За секое од доставените барања, било да се одбиени или прифатени, Друштвото е должно да води посебна евиденција.

(2) На крајот, на деловната година, за податоците од евиденцијата од став 1 на овој член, Управниот Одбор е должен со писмен извештај да го информира Надзорниот Одбор.

**Член 16**

(1) Измени и дополнувања на одредбите на овој Правилник донесува Управниот Одбор на Друштвото.

(2) Толкување на одредбите на овој Правилник врши Управниот Одбор на Друштвото.

**Член 17**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилник за утврдување на услови, критериуми и постапка за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорност на АД МЕПСО Скопје, УО бр. 02-2507/11-2.1 од 02.05.2012 година.

**Член 18**

Правилникот стапува во сила со денот на неговото донесување.

УО бр. 02-7455/7-2.1
01.12.2017 година

**Претседател на Управен одбор**
**Сашо Василевски**

Член на УО, Ненад Крстевски ____________

Член на УО, Борко Алексоски ____________

Член на УО, Сашо Стефановски ____________

Член на УО, Томи Божиновски ____________

Член на УО, Симон Шутиноски ____________

ДН

- Сите членови на УО
- Шеф на Кабинет на Ген.директор
- Сектор за финансиски работи
- Служба за органи на управување
- Архива